Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-501/10

30.10.2025 година

Постапувајќи по претставка бр.08-501/1 од 12.06.2025 година поднесена од лицето ---------------------, против СОУ ---------------------, за сторена дискриминација врз основ на јазик во областа на образование, спорт и наука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) на 13.09.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на јазик врз група ученици од турската заедница во СОУ ---------------------, сторена од страна на истото училиште во областа на образование, спорт и наука.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) на ден 12.06.2025 година, --------------------- поднесе претставка бр. 08-501/1. Во претставката, се наведува дека во гимназијата ---------------------од------------ иако формално постојат 8 паралелки со вкупно 120 деца кои се водат како турски паралелки всушност само предметот турски јазик и литература се изведува на турски јазик, додека сите останати предмети се изведуваат на македонски јазик. Во прилог на претставката доставува официјални документи од Министерството за образование и наука, одговор на пратеничко прашање бр.--------------- од ---------------- година, анализа на наставни програми и распореди. Според наводите во претставката, дискриминацијата постои бидејќи не се почитуваат уставните права на граѓаните, поточно Амандмнан VII на Уставот на РСМ според кој „Припадниците на националните малцинства имаат право на основно и средно образование на својот јазик„ како и член 9 од Уставот според кој македонскиот јазик и неговото кирилско писмо се официјални јазици, а јазиците што ги зборуваат најмалку 20% од граѓаните се исто така официјални јазици. Ваквата состојба е спротивна и на Европската конвенција за заштита на човековите права и слободи како и на Рамковната конвенција за заштита на национални малцинства. Истовремено во претставката се цитира и судска пракса на ЕСЧП во однос на правото на образование на мајчин јазик.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по добиените информации и утврдената состојба согласно истакнатите наводи во претставката


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

бр. 08-501/1 од 12.06.2025 година, на седница одржана на 08.10.2025 година, утврди дека постојат индиции за сторена дискриминација врз група на ученици во---------- од ----------, врз основа на јазик во областа на образование, наука и спорт.

Постапувајќи по претставката Комисијата со барање бр.08-501/3 од 23.06.2025 се обрати до ----------со цел истите да се изјаснат во врска со индициите во однос на можната дискриминација врз горенаведените ученици, како и со барање бр.08-501/2 од 23.06.2025 година се обрати до Министерството за образование и наука заради обезбедување на дополнителни податоци и информации во врска со настанатата состојба.

СОУ ------------------------, се изјасни по наводите од претставката со Одговор бр. 03-715/2 од 02.07.2025. Во доставениот одговор училиштето информира дека вкупниот број на ученици во училиштето е 487 ученици кои се распоредени во 32 паралелки од кои 145 се ученици се од турска националност. Бројот на турските паралелки е 8, од кои 4 во гимназиско образовани и 4 паралелки во стручно образование. Во училиштето има 55 вработени наставници кои спроведуваат настава во стручното и во гимназиското образование. Од тие наставници двајца наставници се Турци, вработени на неопределено време во училиштето со полн фонд на часови. Во училиштето биле ангажирани уште двајца наставници и тоа по географија и по спорт и спортски активности кои поради малиот фонд на часови во турските паралелки го напуштиле училиштето и се вработени во ООУ ----------. Врз основа на податоци добиени од АВРМ ----------, на територијата на општина ----------и општина ----------не постои невработено лице кое може да биде ангажирано како наставник по било кој предмет во училиштето. На објавените огласи за вработување од страна на училиштето се нема пријавено лице од турска националност за работно место наставник, а училиштето ги објавува огласите за наставен и административен кадар согласно постојните закони и досега немало ниту една жалба. Училиштето согласно Законот за средно образование спроведува самоевлуација во кој тим се вклучени и наставници од турска националност. Училиштето исто така е мониторирано и како дел од Интегралната евалуација од страна на Државниот просветен инспекторат во која исто така се внесуваат податоци за етничка застапеност и начин на одвивање на наставата, при што не се констатирани недостатоци. Училиштето организира настани за време на патрониот празник како и за денот на азбуката на турски јазик и според наводите досега ниту еден ученик или вработен не се пожалил на дискриминација или меѓусебно непочитување.

Министерството за образование и наука во однос на доставената претставка се изјасни со Одговор бр. 13-8959/2 од 30.06.2025 година во која наведува дека не се согласува со констатацијата дека ваквата состојба претставува директна повреда на уставните права, националното законодавство и меѓународните обврски на државата во однос на образованието на турската заедница во ---------- Ова од причини што Министерството за образование и наука не само што не ја забранува наставата на јазик различен од македонскиот, туку ја регулира со закон, формира паралелки на турски наставен јазик, дава согласности за јавни огласи за вработување на наставници и доделува стипендии за да ги стимулира учениците да се запишуваат на наставнички


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

факултети. Во оваа насока сметаат дека и самата турска заедница треба да преземе активности за мотивирање на матурантите да изберат наставнички факултети, со што ќе стекнат можност да се вработат како наставници со што ќе се намали недостатокот од наставен кадар на турски јазик.

--------- исто така доставен е одговор. бр. 09-45/65 од 01.10.2025 година со кој ја информираат Комисијата дека во основните училишта во --------- во одделенска настава има паралелки каде наставата по сите наставни предмети се спроведува на турски јазик, додека во предметната настава, поради дефицит на соодветен кадар во училиштата не се спроведува настава на турски јазик по сите предмети.

Во насока на целосно утврдување на фактичката состојба по наводите во претставката и за обезбедување на дополнителни податоци кои недостасуваа, претседателот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација г-дин Лимко Бејзароски , врз основа член 29 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 30.09.2025 година изврши увид во СОУ ---------- како и во општина ---------- за што е изготвен записник од увид бр.08-501.9 од 03.10.2025 година. Од разговорот извршен со директорот на училиштето --------- се констатира дека во училиштето учат 487 ученици, од кои 145 се од турска националност, сместени во 8 паралелки, дека во училиштето има 55 вработени наставници од кои двајца се од турска националност и предаваат турски јазик и литература, додека сите останати предмети во паралелките со турски наставен јазик ги предаваат наставници од македонска националност кои не го познаваат турскиот јазик и писмо. Евиденцијата во дневникот е двојазична, податоците во колоните на турски јазик ги внесуваат наставниците со помош на нивните колеги од турска националност, така да дневникот личи како двојазично водење на педагошката наставна евиденција согласно закон. Во однос на јавните огласи за прием на наставници во турските паралелки, директорот навел дека сите огласи за прием на наставници се однесувале за настава на македонски јазик, поради претходно добиена информација од АВРМ ---------- дека нема ниту еден пријавен наставник од турска националност како невработен поради што не е распишан ниту еден оглас за потребите на паралелките на турски наставен јазик.

Имајќи ја во предвид така утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди противправен нееднаков третман од страна на СОУ ----------кон група на ученици кои биле во паралелките на турски наставен јазик но наставата ја следеле на турски јазик само по предметот турски јазик и литература додека сите останати предмети во паралелките со турски наставен јазик ги предаваат наставници од македонска националност кои не го познаваат турскиот јазик и писмо.

Комисијата ја утврди фактичката состојба во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, според кој доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката, за што во конкретниот случај наодите од добиените информации и податоците со кои располагаше Комисијата беа сметани за веројатни.

Имено, согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од истиот закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Согласно член 4 став 2 од Законот за средно образование за учениците на припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната дејност во јавните средни училишта се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница.

Оттука, во СОУ ---------- иако се формирани паралелки на турски наставен јазик, учениците наставата ја следат на турски јазик само по предметот турски јазик и литература додека сите останати предмети во паралелките со турски наставен јазик ги предаваат наставници од македонска националност кои не го познаваат турскиот јазик и писмо. Како причина за ваквата состојба директорот на училиштето го навел фактот дека согласно податоците добиени од АВРМ ---------- дека на територијата на општина ----------и општина ----------нема невработен наставник од турска националност поради што не е објавен оглас за прием на наставници за потребите на турските паралелки. СОУ ----------, односно директорот ----------на ваков начин, со несторување, односно не објавување на оглас за вработување на наставници за потребите на турските паралелки, неоправдано постапиле понеповолно за учениците од турска националност бидејќи не преземале активности за обезбедување на услови за изведување на наставата на турски јазик согласно постојните законски одредби, во смисла на член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, спротивно на забраната предвидена во членот 5 од истиот закон.

Согласно на наведеното, Комисијата утврди дека наведените причини поради кои не е објавен огласот за прием на наставници за потребите на учениците од турските паралелки за непречено одвивање на наставата на турски јазик и писмо, не може да се сметаат за оправдани, од причина што не може однапред да се претпостави кој ќе се пријави на јавен оглас со оглед дека на истиот може да се пријават сите лица кои имаат државјанство на Република Северна Македонија, како и наставници со соодветно образование од друга националност кои го познаваат турскиот јазик и писмо.

Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Следствено, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

## ПРЕПОРАКА

СЕ ПРЕПОРАЧУВА на СОУ ----------во соработка со општина ----------во рок од шест месеци од денот на добивање на ова мислење со препораката, да ја отстранат дискриминацијата на начин што ќе објават јавен оглас за прием на наставници за непречено одвивање на наставата на турски јазик и писмо и ќе обезбедат еднаков третман на сите ученици во училиштето во насока на еднаква и непречена употреба на јазиците во изведувањето на воспитно – образовната работа и за тоа да ја известат Комисијата.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА на Министерството за образование и наука да обезбеди стипендии за студенти од турската етничка заедница кои би сакале да се запишат на прва година на високообразовни установи за наставните предмети за кои постои недостаток во основните и средните училишта.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА на Министерството за образование и наука во процесот на оптимизација на наставниот кадар во рок од 6 месеци да предвиди средства кои би биле наменети за доквалификација и преквалификација на вишокот на наставен кадар за изучување на турски јазик.

НАПОМЕНА: Доколку во предвидениот рок во препораката, не постапи по истата, Комисијата согласно член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен суд.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација,
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*

-
-
- *Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk